**Димитар Богов**

# Колку сме сиромашни?

Познатиот светски економски магазин “The economist” често пресметува таканаречени “Big Mac” паритети помеѓу валутите на земјите во кои постојат ресторанитe за брза исхрана од синџирот на Мекодоналдс. Целта на споредбата е да се утврдат паритети помеѓу валутите врз основа на нивната куповна моќ. “Big Mac” е стандардизиран производ со ист квалитет во сите земји во кои се продава, така што ако купувачот во Македонија за него плати 60 денари, а во Германија 6 ДЕМ, тоа значи дека куповната моќ на 1 ДЕМ во Германија е еднаква на куповната моќ на 10 денари во Македонија. Оттука, се добива паритет на куповната моќ од 10 денари за 1 ДЕМ што е различно од официјалниот пазарен курс од 31 денар за 1 ДЕМ.

Многу пософистицирана верзија на Паритетот на куповната моќ (Purchasing Power Parity-PPP) пресметуваат статистичките служби на ОЕЦД, Еуростат и ОН во соработка со националните статистички институти. Тие, на секои три години спроведуваат меѓународна програма за споредба при што се врши споредба на цените на близу 2000 производи за широка потрошувачка и инвестиции и се пресметува паритетот за секој производ, група на производи, агрегати на бруто домашниот производ и за бруто домашниот производ. Со собирање на паритетите за сите производи кои биле вклучени во споредбата се добива вкупниот паритет на куповната моќ.

ППП се користи за конверзија на бруто домашниот производ по жител од националните валути на земјите во една заедничка валута која најчесто е САД $, или еврото. Предноста од користењето на ППП во однос на официјалниот курс е што тој ги елиминира разликите во релативните цени помеѓу земјите, односно се обзебедува еднакво вреднување на исти производи. Затоа, БДП по жител конвертиран со помош на ППП е основниот индикатор за споредба на развојот помеѓу земјите на ЕУ. ППП обично е понизок од официјалниот курс за понеразвиените земји, а повисок од официјалниот курс за поразвиените земји. Причината за ваквото однесување на ППП е повисокото ценовно ниво во поразвиените земји.

Меѓународната програма за споредба се спроведува секоја трета година, а Македонија за првпат учествуваше во 1996 година. Врз основа на резултатите од таа споредба, ОЕЦД изработи проценка на БДП по жител според ППП за Република Македонија за периодот од 1990 до 2000 година. Резултатите се крајно неповолни за Македонија. Уште пред почетокот на транзицијата во 1990 година, Македонија имала понизок БДП по жител дури и од Бугарија и Романија кои важат за најсиромашни земји од листата на кандидати за членство во ЕУ. Па како е тоа можно ќе помислат повеќето Македонци, па ние отсекогаш сме биле "Американци" за Бугарите. Сепак е можно. Сетете се само колку беа ниски цените во Бугарија до 1997 година и како ние таа поволност масовно ја користевме

за евтин шопинг и евтини летувања. Поради ниските цени, во Бугарија постоеше голема разлика помеѓу официјалниот пазарен курс и ППП којј достигнуваше до 4:1, наспроти Македонија каде тој соодноc беше 2:1. Оттука, БДП во САД $ конвертиран според официјалниот курс, во Бугарија се зголемуваше за четири пати кога ќе се конвертираше со помош на ППП, додека во Македонија тој се мултиплицираше само двапати.

По 1990 година кога БДП по жител во Македонија изнесувал 4400 САД $, тој брзо се намалува достигнувајќи го најниското ниво од 3800 САД $ во 1993. Потоа, започнува негово благо опоравување кое трае до 1998 година кога тој се враќа на нивото од 1990 година. Меѓутоа, во истиот период останатите земји во транзиција рапидно го зголемуваат својот БДП по жител, поради што разликата со Македонија се продлабочува. Така, ако во 1990 година Бугарија имала 10% повисок БДП по жител од Македонија, во 1995 година таа разлика веќе изнесува 33%. Со интензивниот раст постигнат во 1999 и 2000 година, Македонија успева за две години да го зголеми БДП по жител за 15% за првпат надминувајќи ја границата од 5000 САД $. На тој начин, разликата со Бугарија повторно е намалена на околу 12%.

После сите перипетии во последната декада од минатиот век, Македонија го започнува процесот на асоцирање со ЕУ со ниво на развој мерено преку БДП по жител, од 20% од просекот за ЕУ. Со тоа, таа е послабо развиена од земјите кандидати за членство, а е втора во групата на Западниот Балкан. Сепак, половина од земјите кандидати за членство се наоѓаат во интервалот од 25% до 35% од просекот на ЕУ, што значи дека со разумна економска политика Македонија може брзо да фати приклучок кон нив. Доколу во наредните 10 години се остваруваат годишни стапки на раст од 5% и инфлација на нивото на просекот на ЕУ, тогаш во 2010 година Македонија ќе ја надмине границата од 10000 САД $ по жител. Со таков раст, ние најверојатно ќе надминеме некои од земјите кандидати за членство во ЕУ, а имајќи го предвид планираното проширување на ЕУ можно е тогаш да бидеме на ниво од 50% од просечниот БДП по жител на ЕУ.



## Бруто домашен производ по жител во САД $ според ППП за Република Македонија




Извор: ОЕЦД и проценки на авторот